Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-729/1 од 11.02.2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, од причина што друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата.

Предметот со број 12-729/1 од 11.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-729/1 од 11.02.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, дополнета на 12.02.2025 година. Во пријавата се изнесени наводи на сомневање за незаконско работење во Општина ---------- по повод поднесени шест барања од подносителот за издавање уверение за карактер на земјиште за потребите за аплицирање по јавен повик бр. ------ за доделување под закуп на земјоделско земјиште. Со оглед дека Општина ---------- не постапила во законскиот рок т.е. ненавремено постапила по барањата на подносителот, истиот го загубил правото на доделување на под закуп на земјоделското земјиште согласно со јавниот повик. Ова од причина што заради неажурното и ненавременото постапување на Општина ---------- по барањата на подносителот, истиот не се здобил со потребната доказна документација, која се барала согласно со објавениот јавен повик.

Заради утврдување на состојбите за предметниот случај, ДКСК се обрати со барање за надлежно постапување и доставување информации до Државниот управен инспекторат на РСМ од каде побара со вонреден инспекциски надзор да се испита законитоста на водењето на конкретната постапка на Општина ----------- по повод поднесените барања од подносителот.

Од страна на Државниот управен инспекторат на РСМ до ДКСК е доставен Записник за извршен вонреден инспекциски надзор бр. --------- од 19.03.2025 година во кој е констатирано дека во Општина ----------- нема примено и заведено барања од подносителот за издавање на предметните уверенија. Барањата во Општина ----------- биле примени и заведени од друго правно лице и по истите е постапено во законски предвидениот рок и биле издадени бараните уверенија за карактер на земјоделско земјиште а истите биле уредно доставени до другото правно лице – барател во Општина -----------.

При разгледување на горе изнесените факти со документацијата доставена од подносителот на пријавата ДКСК констатира дека правното лице – барател – во Општина ----------- и подносителот на пријавата се поврзани по основ на застапништво. Имено, во прилог на пријавата на подносителот до ДКСК, доставено е полномошно на друго правно лице, според кое ова друго правно лице се ополномоштува во име на подносителот да поднесе барање до Општина ----------- за издавање на предметните уверенија за карактер на градежно земјиште.

На 18.07.2025 година до ДКСК е доставено дополнување на пријавата со достава на нови докази, со кое се известува дека за предметниот случај постапил Народниот правобранител кој покренал постапка за општина ----------- и побарал објаснувања, информации и докази од Општината, а за истото го известил подносителот на пријавата. Исто така, подносителот добил и информација од јавен карактер обезбедена од Општината, дека во периодот на доставување на уверенијата за карактерот на земјиште немаат податоци за работна сабота во Општината на денот кога истите биле испратени по пошта до барателот.

Според сето горе наведено, ДКСК констатира дека во конкретниот случај станува збор за наводи кои упатуваат на можен спор помеѓу подносителот, ополномоштеното правно лице - барател и Општина ----------- за надомест на штета по основ на изгубена добивка, а за чиешто решавање, надлежни се основните судови во РСМ, конкретно Основен граѓански суд Скопје.

Оттаму, ДКСК утврди дека друг орган е надлежен за постапување по предметните наводи од пријавата на подносителот односно, надлежни за постапување се судовите во земјата, каде постапка може да поведе секое правно и физичко лице, па оттаму оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изработил: Ј.Ц.,раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., заменик претседател

Доставено до:
- Подносителот на пријавата